Врз основа на член 73 став (1) точка 1 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/25 и 135/25), член 109 став (13) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 29 јуни 2026 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за уважување на приговор

1. Приговорот на Оливер Бидиков од Скопје УП2 09-224/26 од 11 мај 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_10_20260503_466 од 08.05.2026 година СЕ УВАЖУВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_10_20260503_466 од 08.05.2026 година СЕ ПОНИШТУВА и предметот се враќа на повторно разгледување и одлучување.

3. СЕ ЗАДОЛЖУВА Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје во повторната постапка за издавање на соодветно Решение согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија целосно и точно да ги утврди фактите со прибавување на целокупната потребна документација од формално-правен аспект.

4. СЕ ЗАДОЛЖУВА Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје по исполнување на задолжението во точка 3. од ова Решение да издаде соодветно Решение согласно Мрежните правила.

5. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Оливер Бидиков од Скопје до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-224/26 од 11 мај 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) УП1 бр. NCC_10_20260503_466 од 08.05.2026 година, издадено поради некомплетна документација за приклучок на фотонапонска електроцентрала од 10,8kW инсталирана моќност.

Подносителот на приговорот потенцира дека поседува согласност за поставување на фотонапонската електроцентрала. Потенцира дека Решението веќе не може да го издаде општината бидејќи истата само се известува на пропишан образец, по што потоа се доставува изјава заверена на

нотар од изведувачот. Истото е направено во општина Центар и доставено до архива под број. 27-2986/1 од 06.05.2026 за документ нотарски заведен по број УЗП 2558/2026 од 27.04.2026.

Во однос на другиот документ, со оглед дека согласно Законот за домување правниот субјект ЗС на ул. Борка Талевски 25 на 05.07.2023 година има издадено Документ (доставен до општина Центар) во кој јасно е наведено дека „Согласно барањето од страна на: Оливер Бидиков, Ул. Борка Талевски бр. 25, стан 7, 1000, Скопје и согласно одлуките донесени на состанокот на Сопствениците на посебните делови на станбената зграда од Заедница на станари на ул. Борка Талески бр. 25, ЕМБС 6613691, Скопје, одржан на 09.12.2022 година каде во заклучокот од точка 5 гласи: „Заедницата на станари преку Претседателот ќе даде писмена дозвола за вакви активност на барање на некој од Становите, но дека сите финансиски импликации за вакви активности ќе се на товар на барателот/станот“ се издава оваа согласност за поставување на фотонапонска електрична централа“.

Дополнително, споменатиот Документ не е дефиниран во подзаконските акти кои се на сила од областа на енергетиката.

Дополнително, доколку ЕВН сметале дека одредени документи треба дополнително да бидат доставени (односно барањето треба да се дополни) како што тоа беше кажано телефонски - за истото треба да постапи согласно соодветни правила и постапка.

Според Електродистрибуција – корисникот сака да постави ФЕЦ на зграда каде што има повеќе сопственици, станува збор за косопственост и поради тоа треба да достави изјава - согласност од останатите сопственици дека му дозволуваат и потребно е да достави решение за поставување на фотоволтаици.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 9 јуни 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-224/26 од 11 мај 2026 година со прилог:

- Приговараното Решение

2. Одговор на приговор и дополнителни докази од 19 мај 2026 година со прилог:

- Имотен лист
- Слика од барањето за согласност за приклучување
- GIS скица
- Основен проект

На седницата се заклучи во рок од 7 дена од приемот на барањата Електродистрибуција ДООЕЛ Скпоје да го достави Известувањето за дополнување на документација доставено до подносителот на приговорот во постапката по Барањето за согласност за приклучување, а подносителот на приговорот дополнително да ги достави:

- Изјавата за изведување на фотонапонската електроцентрала доставена до предметната Општина
- Документот (доставен до општина Центар) во кој јасно е наведено дека „Согласно барањето од страна на: Оливер Бидиков, Ул. Борка Талевски бр. 25, стан 7, 1000, Скопје и согласно одлуките донесени на состанокот на Сопствениците на посебните делови на станбената зграда од Заедница на станари на ул. Борка Талески бр. 25, ЕМБС 6613691, Скопје, одржан на 09.12.2022 година каде во заклучокот од точка 5 гласи: „Заедницата на станари преку Председателот ќе даде писмена дозвола за вакви активност на барање на некој од Становите, но дека сите финансиски импликации за вакви активности ќе се на товар на барателот/станот “се издава оваа согласност за поставување на фотонапонска електрична централа“.

На 15 јуни 2026 година од страна на подносителот на приговорот беа доставени бараните податоци а од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје сеуште не е доставено бараното Известување.

Потоа, на седница одржана на 16 јуни 2026 година се заклучи следното:

- Да се прати ургенција до Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје,
- Подносителот на приговорот да го достави записникот од состанокот на Сопствениците на посебните делови на станбената зграда од Заедница на станари на ул. Борка Талески бр. 25, ЕМБС 6613691, Скопје, одржан на 09.12.2022 година и
- Подносителот на приговорот да достави информација за тоа колку станови има зградата и дали на предметниот состанок биле присутни односно согласни мнозинство од станарите.

На 17 јуни 2026 година од страна на Електродистрибуција беше доставено Приговараното Решение односно не беше доставено Известувањето за дополнување на документација доставено до подносителот на приговорот во постапката по Барањето за согласност за приклучување.

Потоа, на 17 јуни 2026 година подносителот на приговорот достави Записник од состанокот на присутни сопственици на посебните делови на станбената зграда на улица Заедница на станари на ул. Борка Талески бр. 25 и потенцираше дека согласно Законот за домување – Заедницата на станари (ЗС) е правен субјект па тотално е невалидно второто барање да докажува ЗС (или во случајов Оливер Бидиков) дали постои одлука, или како истата е донесена. Бидејќи правното лице има неколку години работа како ЗС, начинот на одлучување за поединечни одлуки може да е и на друг принцип (односно да не важи правилото за согласност од 51% од присутни станари). Во конкретниот случај бидејќи на истиот состанок се правени и други статутарни промени (кои се доставени и правно спроведени во Централниот регистар на РСМ) може да се види според записникот дека биле присутни сите станари.

На 23 јуни 2026 година Приговорот повторно се разгледуваше.

Членот 6 став (2) од Законот за домување гласи:

„Заеднички градежни елементи во станбените згради и станбените објекти за посебни намени се темелите, носечките ѕидови и конструкциите, таваните, покривот, фасадата, оџаците, цевките за проветрување, светлосните прозорски стакла, отвори за лифтовите и други слични конструкции.“

Членот член 6 став (6) од Законот за домување гласи:

„Определен градежен елемент се смета за заеднички дел, доколку им служи истовремено на повеќе станови, при што претставува функционална целина на станбената зграда (како на пример, проодни тераси, надворешна страна на балкон што воедно претставува и фасада на зграда и слично).“

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје при повторното постапување односно при донесување на соодветно Решение треба да има предвид дека кровот на зградата е заеднички градежен елемент кој припаѓа на сите станари. Да се прибават согласности од мнозинството на станари во зградата за поставување на фотонапонски панели и за монтирање на дополнителна внатрешна инсталација која треба да се монтира во внатрешниот простор на зградата до броилото на жалителот. Исто така да се прибави соодветна техничка документација бидејќи станува збор за внатрешен приклучок во зграда.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е основан.

Согласно член 31 став (1) точка 1) од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на РСМ“ бр. 191/19, 101/22, 68/24 и 106/25) (понатаму: Мрежни правила), ОДС ќе издаде решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на електронската

платформа, на корисничкиот профил на барателот во случај кога барателот нема да ја комплетира документацијата во рок од 15 дена, по претходно известување до ОДС.

Во предметната постапка, не е испратено соодветно Известување до подносителот на приговорот од страна на ОДС со цел комплетирање на потребната документација, туку директно е издадено сега приговараното Решение за одбивање на барањето на согласност за приклучување.

Имајќи го предвид горенаведеното, се утврди се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–224/26**
**29 јуни 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**